# ФЛУИДИНГ

*Пластификатор за бетон и малтер*
*Одговара на: EN 934-2:T2*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Подготовка на “стандардни“ бетонски мешавини наменети за изведба на различни позиции кај градежните објекти (темелни и други подземни конструкции, индустриски подови, АБ столбови, греди, меѓукатни конструкции, бетонски коловозни конструкции, хидротехнички објекти, потпорни ѕидови и др.)
Подготовка на бетонски мешавини кои се вградуваат со пумпа;
Бетонирање градежни елементи со густо армирани пресеци;
Подготовка на цементни инјекциони смеси;
Подготовка на економични бетони со оптимален однос помеѓу компонентите и перформансите на бетонт;

## СВОЈСТВА

- Овозможува редукција на вода до 15%;
- Ја подобрува обработливоста на бетонот без дополнително додавање на вода;
- Го олеснува вградувањето и ја подобрува компактноста на бетонот;
- Ја зголемува водонепропусноста на бетонот;
- Ги подобрува физичко-механичките карактеристики на бетонот (зголемени почетни и крајни јакосни карактеристики);

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | Кафена течност |
| Волуменска маса (на 20˚C) | ISO 758 | (1.02-1.06) g/cm3 |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | ≤0,1% |
| Содржина на алкалии | EN 480-12 | ≤6,0% |
| pH вредност (на 20˚C) | ISO 4316 | 2-4 |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Оптималното дозирање на Флуидинг се движи од 0,4 до 1,0 % во однос на количеството на цемент во бетонската мешавина. При вакво дозирање се постигнува редукција на вода до 12 %. Притоа, соодветно се постигнува покачување на раните и крајните јакосни карактеристики на бетонот.
Оптималното дозирање на Флуидинг најдобро се одредува со претходни лабораториски или индустриски испитувања.
Во услови на високи амбиентални температури, или во случај кога производството, транспортот и вградувањето на бетонот трае подолго од 60 минути, во бетонската мешавина наместо Флуидинг, препорачливо е да се користи Флуидинг М или Флуидинг М1М, или дополнителнода се дозира адитив за успорување на врзувањето на бетонот со Успорувач-Д2.
Дозирањето на адитивите се врши рачно или автоматски во текот на производството на бетонот. Најдобар ефект се постигнува кога Флуидинг се додава заедно со последните 20 – 30 % од потребната вода во бетонот, во претходно измешани агрегат, цемент и 80% од вода во бетонот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

Препорачано е времетраењето на мешањето на свежиот бетон со додаток на Флуидинг да не трае пократко од 90 секунди.
**Ефекти од предозирање:** Превисоко дозирање на Флуидинг може да предизвика сегрегација на бетонот, а потоа и нагло губење на обработливоста и почеток на врзување на бетонот.

## КОМПАТИБИЛНОСТ

Флуидинг е компатибилен со сите адитиви од програмата на АДИНГ. Доколку во бетонската мешавина се користат два или повеќе адитиви потребно е да се направат претходни проби. Различните адитив се дозираат посебно, односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлањето во бетонската мешавина. Флуидинг е употреблив со сите типови на портланд цемент вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти: 20 kg
Буриња: 200 kg
Контејнери: 1000 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија
08

GAAA001/6

EN 934-2:2009+A1:2012

**ФЛУИДИНГ**

Адитив за бетон, пластификатор
EN 934-2:T2

| | |
|---|---|
| Содржина на хлор јони | **≤ 0,1% по маса** |
| Содржина на алкалии | **≤ 6,0% по маса** |
| Корозивно делување | **Ги содржи следните компоненти од EN 934-1:2008, Анекс А.2: Тиоцијанати** |

Опасност по здравјето: Флуидинг не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Флуидинг е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Флуидинг се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.